АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.07.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3387 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, реализиран по претставка (наш број 03-3177/1 од 12.07.2017 г.)

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 18, 22 и 23 јули 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 јули 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 97 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузер не може да употребува знак за идентификација поинаков од оној утврден во дозволата за вршење на радиодифузна дејност).

- **Член 97 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерот за секоја промена на знакот за идентификација е должен да достави примерок до Агенцијата).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 18, 22 и на 23 јули 2017 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 97, ставови 4 и 5** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, радиодифузерот за идентификација на програмскиот сервис употребува знак за идентификација поинаков од оној утврден во дозволата за вршење радиодифузна дејност, а за промената не ја известил Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ниту пак доставил примерок од новиот знак за идентификација.

Во периодите од програмата емитувана на 18, 22 и 23 јули 2017 година, избрани по случаен избор, констатирано е дека радиодифузерот веќе не го употребува знакот за идентификација – „РФМ“, евидентиран во дозволата за вршење радиодифузна дејност, туку за идентификација на програмскиот сервис го користи знакот – „Радио Индекс“.

| **Џинглови со знаци за идентификација на - „Радио Индекс“ – 91,3 FM (евидентирани по случаен избор од различни периоди на програмата емитувана на 18 јули 2017 година)** | |
|---|---|
| почеток | крај |
| 00:13:53 | 00:13:59 |
| 00:48:06 | 00:48:14 |
| 00:13:55 | 00:14:02 |
| 02:08:56 | 02:09:04 |
| 03:03:42 | 03:03:51 |
| 06:50:09 | 06:50:17 |
| 09:35:47 | 09:35:57 |
| 11:10:23 | 11:10:29 |
| 14:38:09 | 14:38:17 |
| 15:53:36 | 15:53:46 |
| 16:07:40 | 16:07:49 |
| 19:12:41 | 19:12:49 |
| 20:32:58 | 20:33:16 |
| 20:52:16 | 20:52:25 |
| 22:11:52 | 22:12:02 |

| **Џинглови со знаци за идентификација на - „Радио Индекс“ – 91,3 FM (евидентирани по случаен избор од различни периоди на програмата емитувана на 22 јули 2017 година)** | |
|---|---|
| почеток | крај |
| 00:02:37 | 00:02:44 |
| 01:06:19 | 01:06:24 |
| 06:06:56 | 06:06:59 |
| 07:04:02 | 07:04:10 |
| 07:10:45 | 07:10:55 |
| 08:03:35 | 08:03:45 |
| 08:07:19 | 08:07:28 |
| 10:04:33 | 10:04:40 |
| 10:42:17 | 10:42:28 |
| 11:04:35 | 11:04:45 |
| 14:33:40 | 14:33:46 |
| 14:41:09 | 14:41:26 |
| 16:12:32 | 16:12:38 |
| 16:17:20 | 16:17:30 |
| 18:04:15 | 18:04:28 |
| 18:07:03 | 18:07:15 |
| 20:04:21 | 20:04:30 |
| 20:23:10 | 20:23:52 |

| **Џинглови со знаци за идентификација на - „Радио Индекс“ – 91,3 FM (евидентирани по случаен избор од различни периоди на програмата емитувана на 23 јули 2017 година)** | |
|---|---|
| почеток | крај |
| 00:10:43 | 00:10:50 |
| 00:14:34 | 00:14:43 |
| 07:06:36 | 07:06:44 |
| 07:18:37 | 07:18:47 |
| 08:02:54 | 08:03:06 |
| 09:37:04 | 09:37:16 |
| 11:33:57 | 11:34:06 |
| 14:36:43 | 14:36:51 |
| 15:10:19 | 15:10:30 |
| 20:07:08 | 20:07:16 |
| 22:07:19 | 22:07:35 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 97 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, во периодите од програмата емитувана на 18, 22 и 23 јули 2017 година, избрани по случаен избор, употребува знак за идентификација поинаков од оној утврден во дозволата за вршење радиодифузна дејност, а за промената не ја известил Агенцијата, ниту пак доставил примерок од новиот знак за идентификација.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***